АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23.05.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2206 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 8 мај 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 мај 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**;
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14)
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.04.2023 година, за непочитување членот 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-155 од 11.04.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (13.04.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, емитуван на 8 мај 2023 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***